ПРЕДЛАГАЧ: Тони Јаревски

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 16. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 71111/0 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:



2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со дополнувањето на членот 41-г во Законот за концесии и јавно приватно партенрство уредена е можност за склучување на анекс на договор за промена на намената на дел од средствата согласно со членот 41-в од Законот, кога средствата согласно со склучениот анекс договор не се целосно искористени поради објективна невозможност, односно непредвидени околности за реализирање на тековните проекти од јавен интерес во предвидениот рок, врз основа на претходно направена анализа на проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за дореализирање на тековните проекти, односно за промена на намената на делот од средствата, кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

Врз основа на овие законски одредби дадена е можноста за донесување на Одлуки за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, за кои пак во финалната фаза може да се јави пречка за нивна реализација што остава простор овие проекти од јавен интерес да останат не завршени.

За таа цел кога би настанала ситуација која ќе предизвика утврдување на разлика меѓу потребниот и предвидениот износ на средства за реализација на проектите, а со цел целосна реализација на наведените проекти од јавен интерес, се дава законски основ за интервенција во финансискиот дел и од страна на концедентот.

Ова со оглед дека станува збор за проекти од јавен интерес од чија завршница и спроведување ќе имаат бенефит сите граѓани на Република Северна Македонија, со предметното дополнување се очекува да се уреди оваа област на начин предложен во самото законско решение.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основни цели на Предлогот на Закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство е целосна реализација на проекти од јавен интерес кои се во напредна односно финална фаза на реализација.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство не предизвикува финаниски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

Имено, средствата потребни за реализација на проектите од јавен интерес, предвидени согласно одредбите од овој закон ќе се обезбедат од концесискиот надоместок кој го плаќа концесионерот за доделената концесија на добра од општ интерес.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Северна Македонија” број 241/24), во член 1 по ставот 3 се додаваат четири нови става 4, 5, 6 и 7, кои гласат:

„Доколку во текот на реализацијата на утврдените проекти од јавен интерес предвидени согласно одлуката од ставот 3 на овој член, се појави разлика меѓу потребниот и предвидениот износ на средствата за нивна реализација, истата, со цел целосна реализација на предвидените проекти од јавен интерес, ќе ја покрие концедентот, во вредност не повеќе од 20% од цената на вредноста на проектот утврдена со одлуката од ставот 3 на овој член.

Потребните средства од ставот 4 на овој член за реализација на проектот од јавен интерес се обезбедуваат од концесискиот надоместок кој го плаќа концесионерот за доделената концесија, врз основа на извештај за реализација со придружна документација, доставени од правното лице определено за реализација на проектот согласно одлуката од ставот 3 на овој член, потврдени со завршен извештај од страна на надзорот согласно прописите од областа на градењето.

По исклучок на член 41 став 7 од овој закон во случаите од ставовите 4 и 5 на овој член, Владата на Република Северна Македонија по претходно обезбедена согласност од концесионерот, може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија, за начинот на обезбедување на средствата од ставовите 4 и 5 на овој член со цел целосна реализација на предвидените проекти од јавен интерес.

Во одлуката од ставот 6 на овој член се утврдува начинот на обезбедување на средствата од ставовите 4 и 5 на овој член, динамиката и начинот на нивната исплата, согласно договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно ставот 1 на овој член.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство е систематизиран во 2 члена.

Со членот 1 се дополнува членот 41-г со четири нови става 4, 5, 6 и 7 со кои се предвидува законски можност за завршување на предвидените и започнати проекти од јавен интерес, за кои во текот на нивната реализација се појави разлика меѓу потребниот и предвидениот износ.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој предлог закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи финализирање на реализацијата на утврдените проекти од јавен интерес, од кои ќе имаат корист сите граѓани на Република Северна Македонија.

ИЗВОД
НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО
КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

**Закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија” број 241/24)**

**Член 1**

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22, 65/23 и 147/24), по членот 41-в се додава нов член 41-г, кој гласи:

„Член 41-г

По исклучок од членот 41 став 7 од овој закон, во случај на склучен анекс на договор за промена на намената на дел од средствата согласно со членот 41-в од овој закон, кога средствата согласно со склучениот анекс договор не биле целосно искористени во предвидениот рок поради објективна невозможност, односно непредвидени околности за реализирање на тековните проекти од јавен интерес, врз основа на претходно направена анализа на проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за дореализирање на тековните проекти, односно за промена на намената на делот од средствата, кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

Анализата за проценка на економската и функционалната оправданост од ставот 1 на овој член ја изготвува Владата на Република Северна Македонија.

Во одлуката од ставот 1 на овој член се утврдува намената на средствата, износот на средствата кои биле потребни за спроведување на анексот на договорот за концесија склучен согласно со членот 41-в од овој закон, начинот и динамиката на реализацијата на доискористување на средствата кои не биле искористени согласно со анексот на договорот за промена на намената на дел од средствата, согласно со правата и обврските на концесионерот и концедентот утврдени со договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно со членот 41-в од овој закон.“.